Уп. бр. 08-41

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Штајермеркише Банк унд Шпаркасен АГ (Steiermärkische Bank und Sparkassen AG) со седиште на ул. Шпаркасенплац 4, 8010 Грац, Австрија, преку адвокат Душица Бојковска од Скопје, на седница одржана на ден 08.05.2019 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. Се утврдува дека концентрацијата со која Штајермеркише Банк унд Шпаркасен АГ (Steiermärkische Bank und Sparkassen AG) со седиште на ул. Шпаркасенплац 4, 8010 Грац, Австрија стекнува директна контрола над Охридска Банка АД Скопје со седиште на ул. Орце Николов 54, 1000 Скопје, Република Македонија, преку купопродажба на акции, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3. Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата, (Службен весник на Република Македонија бр. 145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/16), на ден 15.03.2019 година а дополнето на 03.04.2019 година, Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата) прими Известување за концентрација со која Штајермеркише Банк унд Шпаркасен АГ (Steiermärkische Bank und Sparkassen AG) со седиште на ул. Шпаркасенплац 4, 8010 Грац, Австрија стекнува директна контрола над Охридска Банка АД Скопје со седиште на ул. Орце Николов 54, 1000 Скопје, Република Македонија, преку купопродажба на акции.

**1. Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**Штајермеркише Банк унд Шпаркасен АГ (Steiermärkische Bank und Sparkassen AG)** е австриска универзална банка која нуди широк спектар на услуги за трговци на мало, за мали и средни претпријатија, за клиенти со приватно банкарство, за големи компании, за институционални клиенти и за јавниот сектор и е дел од групацијата Ерсте Банк. Групацијата Ерсте Банк е активна во Централна и Источна Европа и има седиште во Австрија. Таа е еден од најголемите даватели на финансиски услуги во источниот дел на Европската унија, во поглед на клиенти и вкупни средства. Активностите на Групацијата на Ерсте Банк се поделени на шест главни категории: малопродажно банкарство, корпоративно банкарство, групациски пазари, управување со актива/пасива, банки за штедење и корпоративен центар на групацијата. Нејзините основни пазари се Австрија, Босна и Херцеговина, Република Чешка, Хрватска, Унгарија, Северна Македонија, Романија, Србија, Словачка, Словенија, додека индиректно присуство има во Молдавија и Црна Гора.

Групацијата Ерсте Банк е присутна во Република Северна Македонија преку четири свои зависни друштва и тоа:

- Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје, со седиште на ул. Македонија 9-11, Скопје и предмет на работење: друго монетарно посредување, односно банка која ги нуди сите услуги. Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје исто така дејствува како осигурителен агент за друштвото за животно осигурување (Винер животно осигурување).

- Шпаркасе Лизинг ДОО Скопје, со седиште на ул. Македонија 9-11, Скопје и предмет на работење: финансиски лизинг.

- Динерс Клуб Интернационал Мак ДООЕЛ Скопје, со седиште на Кеј 13 Ноември, Г.Т.Ц. 2/2, 1000 Скопје, и предмет на работење: останати деловни помошни услужни дејности, неспоменати на друго место, односно давател на услуги за кредитни картички.

- С-АМЦ1 ДООЕЛ Скопје со седиште на ул. Македонија 9-11, 1000 Скопје, и предмет на работење: купопродажба на недвижнини, односно проектно друштво основано на определено време за целите на управување со проект за недвижнини.

**Охридска Банка АД Скопје** е универзална банка која нуди широк спектар на банкарски услуги во сите категории на клиенти и е дел од групацијата Сосиете Женерал, чие матично друштво е францускиот друштво „Сосиете Женерал С.А.“, акционерско друштво со седиште на Булевар Хаусман 29, 75009 Париз, Франција.

Охридска Банка АД Скопје исто така дејствува како осигурителен агент за друштво за осигурување живот („Граве“ (*Grawe*)).

**2. Правна форма на концентрацијата**

Правна форма на концентрацијата е стекнување на контрола во смисла на член 12 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата, преку купување на 74,53% од обичните акциите во Охридска Банка АД Скопје, од страна на Штајермеркише Банк унд Шпаркасен АГ Австрија.

**3. Правен основ на концентрацијата**

Правна основа на концентрацијата е Договор за купопродажба на акции, склучен на 28 Февруари 2019 година, помеѓу „Сосиете Женерал С.А.“ (како продавач) и Штајермеркише Банк унд Шпаркасен АГ (како купувач).

**4. Вкупен годишен приход на учесниците на концентрацијата**

Вкупниот годишен приход на Групацијата Ерсте Банк остварен со продажба на стоки и/или услуги на светскиот пазар во 2018[1] година, како година која претходи на концентрацијата изнесува 8.389,4 милиони евра односно 515.906 милиони денари[2].

Вкупниот годишен приход на Групацијата Ерсте Банк остварен со продажба на стоки и/или услуги на пазарот во Република Македонија во 2018 година, како година која претходи на концентрацијата изнесува 24,6 милиони евра односно 1.514,1 милиони денари.

Вкупниот годишен приход на Охридска Банка АД Скопје остварен со продажба на стоки и/или услуги во Република Македонија во 2018[3] година, како година која претходи на концентрацијата изнесува 28,66 милиони евра односно 1.762,4 милиони денари.

Согласно горенаведеното заедничкиот вкупен годишен приход на претпријатијата учесници во концентрацијата остварен со продажба на стоки и услуги на светскиот пазар го надминува износот од 10 милиони евра во денарска противвредност и најмалку еден од учесниците е регистриран во Република Северна Македонија. Исто така, заедничкиот вкупен годишен приход на претпријатијата учесници во концентрацијата остварен со продажба на стоки и услуги на пазарот во Република Северна Македонија го надминува износот од 2,5 милиони евра во денарска противвредност. Следствено, за предметната концентрација постои обврска за поднесување на известување за концентрација до Комисијата согласно член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот.

---

[1] Веродостојни податоци за цела 2018 година моментално не се достапни, овој податок е според внатрешните, неревидирани податоци на Подносителот

[2] По среден курс на НБРСМ на 31.12.2018 година 1Евро=61,4950

[3] Веродостојни податоци за цела 2018 година моментално не се достапни, овој податок е според внатрешните, неревидирани податоци на целното друштво

**5. Релевантни пазари**

**5.1. Релевантен пазар на производ**

**5.1.1. Пазар на обезбедување на банкарски активности и пазарни удели**

Пазарот на обезбедување на банкарски активности може потесно да се дефинира како пазар на малопродажно банкарство, пазар на корпоративно банкарство и пазар на услуги на финансиски активности.

*Малопродажното банкарство* се состои од услугите обезбедени на физички лица, домаќинства и мали правни лица и содржи, на пример, депозити, потрошувачки заеми, кредитни и дебитни картички, заеднички фондови, хипотеки и други форми на управување со средства.

*Корпоративното банкарство* се состои од услуги што се даваат на корпоративни клиенти - средни и големи правни лица, и се состои, на пример, од депозити, кредитни производи, домашни и меѓународни уплати, акредитиви и совети за спојувања и стекнувања.

*Услугите на финансиски активности* се состојат од тргување со обврзници и други хартии од вредност, деривати, девизни операции и пазар на пари. Горенаведената поделба на банкарските активности е прифатена од Европската Комисија.

***Табела 1. Пазарни удели на учесниците во концентрацијата на пазарот на обезбедување на банкарски активности:***

| | **Вкупни средства (во милиони МКД)** | **Удел на пазарот** |
|---|---|---|
| **Групацијата Ерсте Банк преку Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје** | 21.422 | 0-5% |
| **Охридска Банка АД Скопје** | 39.605 | 5-10% |
| **Заеднички удел по концентрацијата** | **61.027** | **10-20%** |

Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје и Охридска Банка АД Скопје се седми и петти пазарни учесници на северномакедонскиот банкарски пазар, соодветно. По трансакцијата, комбинираниот удел на пазарот на учесниците во концентрацијата на овој релевантниот пазар ќе изнесува 10-20%.

Подносителот не располага со податоци за пазарните удели на целиот малопродажен банкарски сегмент и целиот корпоративен банкарки сегмент, па затоа учесниците во концентрацијата како алтернатива обезбедуваат информации за уште потесени сегменти кои се натаму поделени врз основа на вид на производ – кредити и депозити за секој од двата сегменти. Исто така, подносителот не располага со прецизни податоци за пазарниот удел во сегментот на пазарот што се однесува на вршење финансиски активности, па подносителот дава свои проценки земајќи предвид одделни релевантни продукти понудени на овој сегмент од пазарот.

***Табела 2. Пазарни удели на учесниците во концентрацијата на пазарот на малопродажно банкарство[4]***

| | **Пазарен удел – малопродажни кредити** | **Пазарен удел – малопродажни депозити** |
|---|---|---|
| **Групацијата Ерсте Банк преку Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје** | 0-5% | 0-5% |
| **Охридска Банка АД Скопје** | 5-10% | 0-5% |
| **Заеднички удел по концентрацијата** | **10-20%** | **5-10%** |

Како што може да се види од табелата, заедничкиот пазарен удел на учесниците во концентрацијата на потесниот малопродажен банкарски сегмент остануваат на ниско ниво и по концентрацијата односно на ниво од 10-20% за малопродажни кредити додека на пазарот на малопродажни депозити е на уште пониско ниво односно заедничкото пазарно учество по концентрацијата ќе изнесува 5-10%.

***Табела 3. Пазарни удели на учесниците во концентрацијата на пазарот на корпоративно банкарство[5]***

| | **Пазарен удел- корпоративни кредити** | **Пазарен удел - корпоративни депозити** |
|---|---|---|
| **Групацијата Ерсте Банк преку Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје** | 0-5% | 5-10% |
| **Охридска Банка АД Скопје** | 10-20% | 10-20% |

[4]Податоците за продуктите во малопродажното банкарство се прецизни затоа што се базирни на податоците од НБСМ за целокупната вредност на овие сегменти.

[5]Податоците за продуктите во малопродажното банкарство се прецизни затоа што се базирни на податоците од НБСМ за целокупната вредност на овие сегменти.

| | | |
|---|---|---|
| **Заеднички удел по концентрацијата** | **10-20%** | **10-20%** |

Како што може да се види од табелата, заедничкиот пазарен удел на учесниците во концентрацијата на потесниот корпоративен банкарски сегмент остануваат на ниско ниво и по концентрацијата односно на ниво од 10-20% за корпоративни кредити додека на пазарот на корпоративни депозити заедничкото пазарно учество по концентрацијата ќе изнесува 10-20%.

***Табела 4. Пазарни удели на учесниците во концентрацијата на пазарот на услуги на финансиски активности***

Проценките на учесниците во концентрацијата за сопствените пазарни удели на сегментот од банкарскиот пазар на Северна Македонија што се однесува на финансиски активности вклучува податоци за следните продукти понудени на овој сегмент на пазарот: интербанкарски необезбедени денарски депозити, секундарен пазар на хартии од вредност и трансакции на локалниот девизен пазар.

| **Пазарен удел - финансиски активности** | |
|---|---|
| **Групацијата Ерсте Банк преку Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје** | 5-10% |
| **Охридска Банка АД Скопје** | 10-20% |
| **Заеднички удел по концентрацијата** | **20-30%** |

Заедничкиот пазарен удел на учесниците во концентрацијата на пазарот на финансиски активности по концентрацијата ќе изнесува 20-30%.

Горенаведените податоци покажуваат дека без разлика дали ќе се дефинираат одделни релевантни пазари на услуги за малопродажно банкарство, пазар на корпоративно банкарство и пазар на услуги на финансиски активности, или во рамките на пазари за малопродажно банкарство, пазар на корпоративно банкарство и пазар на услуги на финансиски активности ќе се дефинираат потесни пазари, истото нема да доведе до поинаква оценка на концентрацијата заради што Комисијата го остава отворено прашањето за точната дефиниција на релевантните пазари во сегментот на банкарски услуги.

### 5.1.2 Пазар за дистрибуција на животно осигурување и пазарни удели

Пазарот за дистрибуција на животно осигурување се состои од сите надворешни канали (т.е. од страна на трети лица односно туѓи полиси) на обезбедување осигурување, како што се брокери (енг. *brokers*) и застапници (енг. *agents*), меѓу кои спаѓаат и банките.

Во согласност со Законот за супервизија на осигурување на Северна Македонија, осигурителните продукти можат да бидат дистрибуирани преку застапници (застапување во осигурување) и брокери (осигурително брокерски работи).

Застапниците на осигурување можат да бидат физички лица лиценцирани од страна на Агенцијата за супервизија на осигурување (во понатамошниот текст: АСО), друштва лиценцирани од АСО и банки кои имаат дозвола за вршење работи на застапување во осигурувањето од НБСМ врз основа на претходна согласност од АСО. Осигурителни брокери можат да бидат физички лица лиценцирани како брокери од АСО што се вработени во брокерски друштва, кои што исто така поседуваат дозвола од АСО. Во согласност со јавно достапните информации, постојат повеќе од 1000 физички лица - застапници на осигурување, 15 друштва за застапување во осигурување, 5 банки кои поседуваат дозволи за застапување во осигурување и 38 осигурителни брокерски друштва на пазарот на Северна Македонија. Ова покажува дека пазарот на дистрибуција на осигурување е многу разновиден.

Пазарните удели на учесниците во концентрацијата на пазарот за диструбуција на животно осигурување се дадени во табелата подолу. Податоците го претставуваат уделот на бруто полисирана премија на секој учесник во концентрацијата во вкупната бруто полисирана премија што е договорена преку каналите за дистрибуција, а не директно преку осигурителните друштва, и која изнесува ххх илјади денари.

**Дистрибуција на животно осигурување Q3 2018**

| | **Бруто полисирана премија (МКД илјади)** | **Пазарен удел** |
|---|---|---|
| **Групацијата Ерсте Банк преку Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје** | ххх[6] | 0-5% |
| **Охридска Банка АД Скопје** | 35.367 | 0-5% |
| **Заеднички удел по концентрацијата** | ххх | **5-10%** |

Подносителот истакнува дека по концентрацијата, според сегашните планови, спoениот ентитет ќе продолжи да работи за Винер живот – осигурително друштво со кое што Шпаркасе Банка Македонија соработува во моментов. Имено имајќи ги предвид ограничувањата наметнати со прописите за осигурување, споениот ентитет нема да смее истовремено да работи со повеќе од едно осигурително друштво, заради што споениот ентитет не планира да продолжи да соработува со Граве (сегашниот партнер на Охридска Банка АД Скопје). Во секој случај, Охридска Банка АД Скопје не е значаен канал за дистрибуција на продукти на Граве – најзначајните дистрибутери на

[6]Релевантниот АСО извештај содржи недоследности и наведува различна цифра за Шпаркасе Северна Македонија – МКД 5.082 илјади. Точната цифра е МКД ххх илјади и Подносителот се ослонува на оваа цифра.

Граве се брокерското друштво ВФП (со 42% од вкупната продажба на Граве) и застапникот за осигурување SafeLife (со 19% од вкупната продажба на Граве). Дополнително, Граве ќе биде во можност да продолжи да соработува со други банки кои се потенцијални застапници во осигурување (во моментов само две други банки дејствуваат како застапници во осигурување – НЛБ Банка и Халк Банка, што значи дека сите други банки претставуваат потенцијални застапници).

### 5.2. Релевантен географски пазар

Релевантниот географски пазар, за целите на ова Известување, се дефинира на национално ниво, т.е. ја опфаќа територијата на Северна Македонија.

## 6. Оценка на концентрацијата

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и Насоките за оценка на хоризонтални концентрации за целите на Законот за заштита на конкуренцијата оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Согласно Насоките за оценка на хоризонтални концентрации за целите на Законот за заштита на конкуренцијата, концентрациите кои, поради ограничен пазарен удел на засегнатите претпријатија, не можат да ја нарушат ефективната конкуренција, може да се смета дека се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата. Индикација за овој ефект постои, особено кога пазарниот удел на засегнатите претпријатија не надминува 25% од релевантниот пазар.

Според доставените податоци, заедничките пазарни удели на учесниците во концентрацијата, по концентрацијата остануваат на ниво под 25%.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на концентрацијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот за заштита на конкуренцијата тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд на Република Македонија во рок од 30 дена од денот на неговото доставување**.**

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Д-р Владимир Наумовски**